РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 04-7275/10
01-12-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 11 и член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за труд и социјална политика донесе:

## ОДЛУКА
### за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 01/2023

1. Административниот службеник Вера Бужаровска се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101Б01000 Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиско и инвалидско осигурување**

2. Административниот службеник Јорданка Николовска се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101Б03000 Помошник раководител на сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата – Помошник главен инспектор,** Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

3. Административниот службеник Емилија Печинска се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за развој на човечки ресурси,** Сектор за управување со човечки ресурси

4. Административниот службеник Радмила Лошковска се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за плати,** Сектор за политики од областа на трудовото право и политики за вработување

5. Административниот службеник Ел Молино Де Виенто Пасифаи Бежановиќ се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација,** Сектор за еднакви можности

6. Административниот службеник Нена Велковска се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- **УПР0101В01000 Советник за инспекциски надзор за остварување и давање на услуги,** Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјалната заштита, Сектор за инспекциски надзор од областа на социјалната заштита и заштита на децата

Унапредувањето на административните службеници од точка 1, 2, 3, 4, 5 и 6 ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

На веб страната на министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за администрација на 16.11.2022 година објавен е интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на следните работни места:

1. **УПР0101Б01000 Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиско и инвалидско осигурување,** 1 (еден) извршител

2. **УПР0101Б03000 Помошник раководител на сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата – Помошник главен инспектор,** Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, 1 (еден) извршител

3. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за развој на човечки ресурси,** Сектор за управување со човечки ресурси, 1 (еден) извршител

4. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за плати,** Сектор за политики од областа на трудовото право и политики за вработување, 1 (еден) извршител

5. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација,** Сектор за еднакви можности, 1 (еден) извршител

6. **УПР0101В01000 Советник за инспекциски надзор за остварување и давање на услуги,** Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјалната заштита, Сектор за инспекциски надзор од областа на социјалната заштита и заштита на децата, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-7275/6 од 24.11.2023 година, спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-7275/7 од 28.11.2023 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр. 04-7275/8 од 28.11.2023 година подготви финална ранг листа со по еден кандидат од секое работно место и предлог до Државниот секретар на Министерството за труд и социјална политика.

За работното место со реден број 6. **УПР0101В01000 Советник за инспекциски надзор за остварување и давање на услуги**, се пријавија 2 (два) кандидати, од кои еден беше со неуредна документација, така што се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за труд и социјална политика до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Flakron Bexheti**

Изработил: Андријана Гуговска
Одобрил: Драгица Митревска Исаиловска

Доставено до:
- Кандидатите
- Да се објави на интернет страницата на МТСП и
- Архива.